# JUVENILE JUSTICE IN COMPARATIVE PENAL LAW

**Viktorija Kostadinoska**
"Justinian The First " Faculty of Law, UKIM, Skopje, North Macedonia,
kostadinoska_viktorija@yahoo.com

**Abstract:** In the last thirty years, questions related to the problem of juvenile delinquency attract the interest of a growing number of scientists and professionals in practice. On the one hand, a certain number of experts and politicians, as well as the general public, criticize the existing system of reaction of the states to juvenile delinquency and advocate for stricter sanctions against minors.The realization of children's rights in the area of juvenile justice is promoted and ensured by numerous United Nations documents that are the basis of legislation aimed at minors in almost all European countries, the most important of which are the UN Standard Minimum Rules for Juvenile Justice (Beijing Rules), the Rules of the United Nations for the Protection of Juveniles Deprived of Liberty and the United Nations Guidelines for the Prevention of Juvenile Delinquency.The principle of restorative justice has a strong tendency to reduce the imposition of sanctions on children to a minimum, that is, the imposition of punishments on children should be the last solution, which is preceded by all alternative measures that are prevention as opposed to avoiding repressive measures as initial punishments.

The improvement of the legal framework for children's rights will be a significant basis for non-discrimination of children on any basis, the possibility of an individual approach to each accused minor individually, the need for his upbringing, re-education, education and development, all with the aim of ensuring and protecting the most necessary interests. for the child.

The analysis contained in this paper, taking into account all aspects of juvenile justice, will be a unique contribution to the adoption of the new Law on Justice for Children in terms of positive innovations that fully ensure the best interest of the child in the juvenile justice system.

International experiences are an important part of the development of juvenile justice, which is precisely why the positioning of the Republic of North Macedonia in comparison with Germany, Slovenia, Great Britain, France and Croatia is an important indicator of the situation in the Republic of Macedonia. North Macedonia compared to the rest of the countries, because of the importance of this issue, which is also the goal of this paper.

**Keywords:** juvenile justice, legislation, penal legislation, juvenile delinquency.

# МАЛОЛЕТНИЧКА ПРАВДА ВО КОМПАРАТИВНИТЕ КАЗНЕНИ ЗАКОНОДАВСТВА

**Викторија Костадиноска**
Правен факултет „Јустинијан Први“, УКИМ, Скопје, Северна Македонија,
kostadinoska_viktorija@yahoo.com

**Абстракт:** Во последните триесетина години, прашањата кои се однесуваат на проблематиката со малолетничка деликвенција, привлекува интерес на се поголем број научници и стручни лица во пракса. Од една страна, одреден број на стручни лица и политичари, но и широката јавност го критикуваат постоечкиот систем на реакција на државите на малолетничка деликвенција и се залагаат за построги санкции кон малолетниците. Остварувањето на детските права во подрачјето на малолетничка правда се промовира и осигурува со бројни документи на Обединетите нации кои се основа на законодавствата насочени кон малолетниците скоро во сите европски држави од кои најважни се Стандардните минимални правила на ОН за малолетничка правда (Пекиншки правила), Правилата на Обединетите нации за заштита на малолетници лишени од слобода и Насоките на Одинетите нации за превенција на малолетничка деликвенција. Начелото на ресторативна правда има силна тенденција да го сведи на минимум изрекувањето на санкции на децата, односно изрекувањето на казни на децата треба да биде последно решение на кое му претходат сите алтернативни мерки кои се превенција наспроти избегнување на репресивните мерки како првични казни. Унапредувањето на правната рамка за правата на децата ќе биде значајна основа за недискриминација на децата по ниту еден основ, можност за индивидуален пристап кон секој обвинет малолетник поединечно, потреба од негово воспитување, превоспитување, образование и развој сè со цел обезбедување и заштита за најнеопходниот интерес за детето.

Анализата содржана во овој труд имајќи ги предвид сите аспекти на малолетничката правда ќе биде своевиден придонес при носење на новиот Закон за правда на децата од аспект на позитивните новини кои во целост го обезбедуваат најдобриот интерес на детето во системот на малолетничка правда.
Меѓународните искуства се важен дел од разојот на малолетничката правда па токму затоа позиционираноста на Република Северна Македонија во споредба со Германија, Словенија, Велика Британија, Франција и Хрватска е еден битен показател за состојбите во Р. Северна Македонија во споредба со останатите држави па поради значајноста на ова прашање што е цел и на овој труд.
**Клучни зборови:** малолетничка правда, законодовство, казнено законодавство, малолетничка деликвенција.

## 1. ВОВЕД

Развојот на малолетничкото право во Република Северна Македонија уште од самите почетоци како процес бил во сообразност со меѓународните правила и стандарди па така во овој труд поблиску ќе ги анализираме Пекиншките правила, Хаванските правила и Ријадските правила кои се императив од аспект на малолетничката правда. Со оглед на тоа што меѓународните искуства се важен дел од разојот на малолетничката правда ќе биде направена компаративна аналзиа на законодавствата во на Република Северна Македонија во споредба со Германија, Словенија, Велика Британија, Франција и Хрватска што е можност да се добие јасна слика за значењето на ова прашање. Македонскиот систем на кривично право и позиционираноста на малолетниците во истиот како и генезата на Законот за правда на децата, сè до новиот Предлог законот за правда на децата и концептот на правда на децата.

## 2. ПРЕГЛЕД НА ЛИТЕРАТУРА

Законот овозможува и неформален пристап при разрешување на малолетничкото престапништво, а исто така определува дека на малолетникот и при неформалното постапување му се гарантираат сите права што ги имаат полнолетните лица, но и посебните права предвидени со Конвенцијата за правата на детето и други ратификувани меѓународни договори која како начин на примена (Арнаудовски, Љ., Велкова, Т., 2017). Овде битен е системот на санкции спрема деца.
Разбирањето на малолетничкит криминал, не може да се врши во целост без разбирање на историскиот развој на кривично правниот статус и системот на санкционирање на малолетникот кој е условен со нив. Малолетничкиот криминалитет не претставува нова општествена појава, туку општеството и цивилизацијата со малолетни извршители на кривични дела се сретнува уште од најстари времиња (Bojic, B., Ali Ahmed, A.,2019). Почнувајќи од носењето на првите кодекси, казните биле многу сурови. Тоа е разбирливо, ако се тргнува од концептот на одмазата кој причинувањето на телесна и душевна болка го смета за цел на казната (Konstatinovic-Vilic, S., Kostic, M., 2021). Така, за одмазда е важно виновникот да одговара за делото, на жртвата да и се пружи задоволување казната да биде адекватна на болката и штетата која ја нанел извршителот на кривичното дело. Бидејќи кривичното дело е зло, казната исто така треба да има таков карактер. Најстарите правни извори, предвидуваат само мал број на кривични дела за кои на малолетникот може да му се намали казната. Во преамбулата на Хамурабиевиот законик, стои изразена потребата за заштита на слабите членови на заедницата како постулат на праведност кој го наметнале самите богови (Albrecht, H.,2022).
Загриженоста за малолетни извршители на кривични дела, иако може историски да се разгледува, особено доаѓа до израз на почетокот на 21 век. Сфаќањата кои произлегуваат од фактот дека развојот на една нација почива на развој на нејзината младина, во овој период особено се изразени. Оваа загриженост за малолетни извршители на кривични дела произлегува од фактот дека за жал, малолетните деликвенти, се почесто и после применетите мерки, продолжуваат со вршење на кривични дела. Кривично правниот статус на малолетникот каков што постои денес во повеќето модерни земји поминал долг развоен пат. Интересот за овие млади сторители на кривични дела се објаснува со фактот дека со оглед на нивната младост, имаат најмногу можност да се поправат, а од друга страна, тие се оние кои долги години можат да нанесат штета на општеството, ако не се преземат мерки за нивно преиспитување (Sokovic, S., Bejatovic, S. 2019).
Сознанието дека најголем број кривични дела, кои ги вршат малолетници, се такви што можат да се решат со ресторативен модел, доведува до заклучок дека во овие случаеви не е потребно да се покрене кривична постапка и да се вклучат стандардни казнани институции, судови и обвинителства. Различните држави имаат различни начини за одвраќање од кривична постапка, кои во пракса го добиле името алтернативни мерки, бидејќи се во целост поинакви од воспитните мери и малолетничкиот затвор (Konstatinovic-Vilic, S., Kostic, M.,2021).

## 3. МЕТОДОЛОГИЈА

Креирањето на животни перспективи и подобрувањето на социјални вештини може подобро да го превенира идното прекршење на прописи отколку репресивните мери (). Се подразбира дека ваков пристап пред се бил примерен за држави со развиен систем за социјална заштита, каде општественото раслојување не е драстично и каде постојат механизми за гарантирање на соодветен животен стандард за секој граѓанин. Но, очигледно е дека и покрај одредени предности, патерналистичкиот пристап отвора неколку многу тешко решливи дилеми, а се соочува и со практички потешкотии. Прво, иако пристапот тргнува од тоа на научна основа да се утврди дали во конкретниот случај, социјалните и личните причини се причина за појава на криминално однесување, тој го отвора прашањето врз чија основа на органите од административната власт можат да им се дозволи да одлучуваат за прашања кои се однесуваат на личната област, како што е семејниот живот или родителските воспитни методи, односно да преземат акции како што е издвојување на детето од семејната средина или применување на различни инвазивни третмани (Ricijas, N.2017).
За подобро разбирање на ситуацијата во РСМ беше направена компаративната анализа со други земји за што беа поставени следните хипотези:

- ***Хипотеза 1:*** главен мотив е со помош на компаративната анализа на казнените законодавства од другите земји да се утврди состојбата со казненото законодавство кај малолетничките престапи во РСМ,
- ***Хипотеза 2:*** со помош на оваа анализа да се утврат санкциите кои се применуваат во земјите и во РСМ.

Врз основа на она што ќе се утврди преку докажувањето на хипотезите ќе може подобро да се разбере како се практицира малолетничката правда во РСМ во споредба со некои други земји.

## 4. РЕЗУЛТАТИ ОД ИСТРАЖУВАЊЕТО

За да се утврди ситуацијата со малолетничката правда во РСМ се анализира примената на малолетничката правда која се практицира во Хрватска, Германија, Франција, Словенија и Велика Британија. Па, така главен извор на малолетничко казнено право во Република Хрватска е Закон е Закон у судовима за младеж (ЗСМ) . Тој е основен документ кој како lex specialis ги уредува одредбите за млади сторители на кривични дела во материјалното казнено право, одредби за судови, за казнена постапка и за извршување санкии и прописи во казнено правната заштита на деца. Одредбите на Казнениот закон, Закон за казнена постапка, Закон за судови, Закон за заштита на лица со душевни пречки, закони со кои се уредува извршувањето на санкции за казнени дела и други општи прописи, се применуваат само ако во ЗСМ не е поинаку пропишано (). Хрватското малолетничко казнено право, на тој начин предвидува голем распон на разновидни санкции од кои воспитните мери се главен вид на санкции, покрај кои се пропишува и казна одземање на слободата. Кон малолетникот, судот може со воспитна мета или казна малолетнички затвор, да изрече и сигурносни мери во согласност со одредбите на Казнениот закон. Но, за да му се олесни работата на судот, со законот се пропишани одредени критериуми кои го олеснуваат изборот на одредени мери, а се однесуваат на личноста и окружувањето на малолетникот и неговото криминално минато. Семејството и денес претставува водечка улога во општеството и има силно влијание на понатамошниот развој на децата и малолетниците. Поради големото значење, влијанието на семејството претставува појдовна точка при истражување на појавата на малолетничка деликвенција. Имајќи ги во предвид разните решенија на современото светско, но и европско малолетничко законодавство, може да се заклучи дека Хрватска, несомнено припаѓа на кругот држави со релативно напреден систем на малолетничко казнено право, со надеж дека ќе остане такво и во иднина. Државата мора да вложува повеќе материјални средства во системот и подеднакво да го зголеми бројот на стручни лица во работа со малолетниците, за да се обезбеди поволен сооднос помеѓу стручните работици и малолетници во установата (Radic, I., 2016).
Во Германија, долга е традицијата на малолетничко судење, која започнала во 1920 година, иако посебна надлежност за постапување кон малолетници постоела од 1908 година, до Првата светска војна. Франкфурт бил прв град во Германија кој основал посебен оддел за малолетници во 1980 година, додека две години подоцна отворен е првиот малолетнички затвор. Моделот на судење е сличен како во Хрватска, па така и одлучувањето влегува во ингеренција на државното обвинителство и судот, но не на полицијата. Државниот обвинител може да се откаже од казнено прогонување на малолетникот безусловно или условно, а постои и слично решение како и во хрватското малолетничко казнено право, да не се покрева казнена постапка ако е во тек извршување на мерките (). Малолетничкиот правосуден суд на Германија се смета за еден од најразвиените судови кои ги задоволува меѓународните стандарди и норми. Системот за малолетничко правосудство ги дефинира неговите поддржувачи како систем за заштита на права и легитимни интереси на

малолетниците, кои ги обединуваат социјалните служби и јавни организации околу специјализиран суд за малолетници. Малолетничкото правосудство се раководи по принципот приоритет на правата и слободите на детето над правата на возрасните (Terrill, R.J., 2020).

Францускиот законик од 1791 година и Наполеоновиот Казнен законик од 1810 година, сметале дека нема потреба да се одреди долна граница за одговорност за казнени дела, што значело можност за казнување и најмлади сторители, секако со услов да се докаже претпазливост при постапувањето. Системот за малолетничко правосудство во Франција, исто како и во Германија, се смета за еден од најразвиените кој ги исполнува современите меѓународни стандарди и норми. Француските власти сфатиле дека нормален развој на младата генерација не е ништо помалку важен од обновата на земјата и дека е нејзин составен елемент (Radic, I., 2016).

Во Словенија кривичната одговорност на малолетникот се стекнува со наполнети 14 години. Според тоа, кривични санкции не можат да се применат кон лице  кое  нема полни 14 години во времето на извршување на кривичното дело. Малолетниците се делат во две групи: млади и стари малолетници во зависност од годините во времето на извршување на кривичното дело (Dzordzevic, M., 2023). Во Република Словенија, за разлика од другите држави, во областа на кривично право, воведени се експериментални нови образовни мерки и забрани за малолетници, без утврдување на услови неопходни за нивно успешно спроведување во пракса. Постапувањето на овој начин, со воведување нови мерки, било ризичен потег, но нема сомнеж дека новите воспитни мерки, одржуваат различни пристапи со малолетниците, бидејќи ја нагласуваат идејата за ресторативна правда (Radic, I.,2016).

Малолетничкото казнено право во Англија почнало да се развива релативно рано, во 1908 година кога е донесен тн. Childrens act, со кој се основани посебни судови кои се надлежни за постапување со малолетници. Велика Британија е позната по репресивниот пристап кон малолетничко престапништво. Намалена е улогата на социјалните служби во процесот на избор на санкции, а прецизно се дефинираат механизми според кои судот презема клучна улога на тоа поле. Воедно се нагласува индивидуалната одговорност на малолетниците, како и одговорноста на родителите и семејството (Radic, I., 2016).

## 5. ДИСКУСИЈА

Имплементацијата на меѓународните норми и стандарди во македонскиот систем на правда за децата и детската заштита започнува со Законот за малолетничка правда од 2007 година, со чие усвојување започнува интензивната потрага по воспоставување баланс помеѓу моделот на „parens patriae“ и моделот на правда, како две идеи кои се појавуваат како основни лостови на промените во оваа област, на кои се надоврзува и третиот партиципативен модел, чија основа е барањето за активно учество на заедницата во заштитата на децата и нивна реинтеграција во главните социјални текови по пат на минимизирање на формалната легална интервенција .

Во Република Северна Македонија кривично правните одредби за малолетници се издвоени во Lex specialis – Закон за правда на децата. Со овој закон регулирана е положбата на децата и малолетниците кои извршиле дело кое е пропишано со закон како кривично. Во него експлицитно се пропишани условите за примена на мерки за помош, нега и заштита, образование и алтернативни мерки за казнување на малолетници. Општите интереси и заштитата на малолетниците од криминал, насилство и секој облик на загрозување на нивните права и слободи, како и правилен развој и заштита на малолетни деликвенти извршители на кривични дела, нивната социјализација и превоспитување претставуваат основни цели во постапување на сите надлежни органи.

Примената на казни е можна само кон постари малолетници и тоа само во исклучителни ситуации (пропишани се казна малолетнички затвор, парична казна, одземање на возачка дозвола, протерување на странци од земјата). Казната малолетнички затвор може да се изрече само како главна казна, а парична казна може да се изрече како главна или споредна казна. Кривичната постапка кон малолетни деликвенти содржи низа специфични решенија во однос на редовната кривична постапка. По правило, надлежните органи кои учествуваат во постапката кон малолетник обврзани се прво да покренат постапка за посредување или постапка за медијација и помирување.

## 6. ЗАКЛУЧОК

Денес, кога децата и нивните права се заштитени со бројни инструменти и различни механизми на национално и меѓународно ниво, секое нивно појавување во кривичната постапка, иако неизбежно, секако не е во нивен најдобар интерес. Во теоријата постојат мислења дека причина за тоа е тоа што не се направени доволно напори да се подигне свеста и да се влијае перманентно на разбирање на овие механизми

меѓу стручните лица кои работат со деца, како и тоа што информирањето за постоечки механизми и процедури приспособени посебно за деца, не дава големи резултати. Конвенцијата за правата на детето го отворила патот кон еден долгорочен процес за промени кои имале за последица, помеѓу другото и тоа што во голем број земји, а посебно во централните и источните европски земји, правата на детето се подигнати на уставно ниво. Малолетничката правда треба да се води по принципот на приоритет на правата и слободите на детето, над правата на возрасните, исто како по примерот во Германија. Исто така, донесени се бројни прописи кои се однесуваат на децата, како и на малолетничката правда. Реформата на правосудството која е спроведена во голем број држави имала за цел да обезбеди посебно внимание во смисла на грижата и потребите на децата, а ширум регионите се воспоставени нови независни институции за правата на детето.

**РЕФЕРЕНЦИ**

Арнаудовски, Љ., & Велкова, Т. (2017). Социјална патологија, Штип, стр.46-47,
Арнаудовски, Љ. (2017). Криминологија, Штип, Стр.113,
Albrecht, H. (2022). Juvenile crime and juvenile law in the Federal Republic of Germany, Canadian scholars, press inc., pp.129-130,
Bojic, B., & Ali Ahmed, A. (2019). Krivicnopravni status maloletnija u Srbiji, Pravo teorija I praksa, стр.92,
Група автори (2018). Анализа на состојбата во установите за сместување деца во ризик и деца во судир со законот во РМ, Македонско пенолошко друштво, Скопје, стр.122,
Konstatinovic-Vilic, S., & Kostic, M. (2021). Penologija, Sven, стр.171,
Dzordzevic, M. (2023). Oduzimanje imovine uciniocima krivicnih dela, Sluzbeni glasnik, Beograd, str.198-199,
Ricijas, N. (2017). Dobre prakse I izazovi u kontekstu maloljetnicke delikvencije u Hrvatskoj, Tuzla, стр.201,
Radic, I. (2016). Sustav maloljetnickih sankcija, doktorska disertacija, Pravni fakultet Sveucilista u Zagrebu, стр.144,
Sokovic, S., & Bejatovic, S. (2019). Maloletnicko krivicno pravo, Kragujevac, стр.190,
Terrill, R.J. (2020). World criminal justice system, A comparative survey, France, Routledge, pp.212,